# ПОЛИТИКА НА ПРИВАТНОСТ

Следните одредби од Политика на приватност (во понатамошниот текст како Политиката) ги регулира начините за користење на личните информации на корисникот, правата на корисниците согласно Законот за заштита на личните податоци, процедурата во случаи на неовластен пристап на податоците, преземените мерки за заштита и тајност на лични податоци од страна на КОНЦЕПТИВА ДИГИТАЛ ДОО Скопје како контролор и слично.

## § Дефиниции

1. **Личен податок.** *„Личен податок"* е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице;

2. **Обработка на личните податоци.** *„Обработка на личните податоци"* е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување;

3. **Контролор.** *„Контролор"* во смисла на оваа политика на приватност, претставува сопственикот на апликацијата – Концептива Дигитал ДОО Скопје, кое самостојно ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци.

4. **Надзорно тело.** *„Надзорно тело"* е физичко или правно лице, јавна установа, агенција или друго тело, кое само или заедно со други, одлучува за целите и начините на обработка на личните податоци; каде што целите и начините од таквите обработки се во согласност со позитивните закони на Република Северна Македонија и Законот за заштита на лични податоци.

5. **Збирка на лични податоци.** *„Збирка на лични податоци"* е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа;

6. **Обработувач на збирка на лични податоци.** *„Обработувач на збирка на лични податоци"* во смисла на оваа политика на приватност е физичко или правно лице, кое ги обработува личните податоци во име на контролорот, за што има добиено дозвола и упатства за начинот на обработка од страна на контролорот;

7. **Согласност.** *„Согласност"* на субјектот на лични податоци е секоја слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјавена волја на субјектот на личните податоци, преку изјава или јасно потврдено дејствие, а со кои се изразува согласност за обработка на неговите лични податоци;

8. **Нарушување на безбедност на личните податоци.** *„Нарушување на безбедност на личните податоци"* е секое нарушување на безбедноста, што доведува до случајно или незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање или пристап до личните податоци кои се пренесуваат, чуваат или на друг начин се обработуваат.

# § Согласност

Корисникот по полна морална, материјална и кривична одговорност изјавува дека со создавањето на неговиот кориснички налог, ја дава својата слободна, конкретна, информирана и недвосмислена тука изјавена волја како согласност за обработка на неговите лични податоци, од страна на контролорот, за цели и на начин како што е определено во оваа политика на приватност.

При создавањето на корисничкиот налог, контролорот единствено ги прибавува следните податоци:

- Име и презиме;
- Електронска адреса;
- Училиште

Корисникот изјавува дека е запознаен дека пополнувањето на овие податоци е задолжително и без нив не може да биде реализирана услугата на соодветен начин, односно не може да се користи апликацијата согласно намената.

**§ Користење на информациите и личните податоци**

Личните податоци и другите информации кои се однесуваат на конкретен корисник, објаснети погоре, контролорот изјавува дека ќе се користат за успешно исполнување на услугите, односно за целите на функционирање на апликацијата согласно намената.

## § Прибирање, обработка и чување на личните податоци

Друштвото врши, прибирање, обработка и чување на личните податоци исклучиво преку електронски пат.

Прибирањето на лични податоци се врши исклучиво преку апликацијата, преку креирање на кориснички налог и нејзино понатамошно користење.

Обработката на личните податоци се врши од страна на вработени или овластени лица кај контролорот, кои пристапуваат до збирката (базата) на лични податоци, кога за истото има потреба за цели наведени во оваа политика.

Личните податоци се складираат и чуваат на сервер, закупен од страна контролорот, лоциран во Франкфурт. Компанијата сопственик на серверот ја гарантира безбедноста на личните податоци согласно позитивните закони во Европа. За повеќе информации посетете: https://aws.amazon.com/privacy/

## § Технички мерки кои ги презема контролорот за тајност и заштита на личните податоци

При пристапување до збирките (базите) на лични податоци од страна на вработени или овластени лица од контролорот, се обезбедуваат следните технички мерки за тајност и заштита при обработка на личните податоци:

1. Креирање на единствено корисничко име и лозинка од секое овластено лице на информацискиот систем. Лозинката треба да биде составена од најмалку осум алфанумерички знаци (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци;
2. Корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до информацискиот систем во целина, на поединечни апликации и/или поединечни збирки на лични податоци потребни за извршување на неговата работа;
3. Автоматизирано отфрлање од информацискиот систем после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или

лозинка) и автоматизирано известување на овластеното лице дека треба да побара инструкција од администраторот на информацискиот систем;

4. Промена на лозинките во утврден временски период (не подолг од три месеци);

5. Ограничен пристап за секое корисничко име и лозинка до одредени делови од информацискиот систем;

6. Воспоставување на ефективна и сигурна антивирусна и анти спајвер заштита на информацискиот систем, со постојано набљудување и ажурирање заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;

7. Ефективна и сигурна анти спам заштита, која се ажурира постојано заради превентивна заштита од спамови;

8. Инсталирана хардверска/софтверска заштита на мрежна бариера (фајервол) или рутер меѓу информацискиот систем и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез и пробивање на системот.

# § Организациски мерки кои ги презема контролорот за тајност и заштита на личните податоци

Лицата кои се вработуваат или се ангажираат кај контролорот пред да отпочнат со работа се запознаваат со прописите за заштита на лични податоци и со донесената документација за технички и организациски мерки.

За лицата кои се ангажираат за извршување на работа кај контролорот во договорот за нивно ангажирање се наведуваат обврските и одговорностите за заштита на личните податоци.

Управителот на контролорот пред непосредно започнување со работа на овластените лица, дополнително ги информира за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци.

Лицата кои се вработуваат или ангажираат кај контролорот пред да почнат со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци, односно дека ќе ги почитуваат прописите за заштита на лични податоци, дека ќе ги следат упатствата на контролорот за обработка на личните податоци и ќе ги чуваат како доверливи личните податоци, како и мерките за нивната заштита.

Изјавата потпишана од вработените или ангажираните лица задолжително се чува во личното досие на вработениот или ангажираниот.

Контролорот задолжително врши континуирано информирање на овластените лица за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци.

## § Периодични проверки

Информацискиот систем и информатичката инфраструктура на контролорот задолжително подлежат на внатрешна и надворешна контрола со цел да се провери дали постапките и упатствата содржани во документацијата за технички и организациски мерки се применуваат и се во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Контролорот врши надворешна контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура на секои три години, а внатрешна контрола секоја година.

Надворешната контрола се врши преку обработка на документи од страна на независно трето правно лице кое е сертифицирано во оваа област.

Во извештајот од извршената контрола задолжително треба да има мислење за тоа во колкава мера постапките и упатствата содржани во документацијата за технички и организациски мерки се применуваат и се во согласност со прописите за заштита на личните податоци, да се наведени констатираните недостатоци, како и предложените неопходни корективни или дополнителни мерки за нивно отстранување.

Во извештајот се содржани и податоците и фактите врз основа на кои е изготвено мислењето и се предложени мерките за отстранување на констатираните недостатоци.

Извештајот се анализира од страна на офицерот за заштита на личните податоци, кој доставува предлози на контролорот за преземање на потребните корективни или дополнителни мерки, за отстранување на констатираните недостатоци.

Извештајот е достапен за увид на Агенцијата за заштита на лични податоци при нивно барање

## § Известување за нарушување на безбедноста на личните податоци

Во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци, контролорот без одлагање и каде што е можно ќе ја извести Агенцијата за заштита на лични податоци како и корисникот, во временски рок не подолг од 72 часа од сознавањето на нарушувањето на безбедноста на личните податоци, освен во случаите кога нарушувањето на безбедноста на личните податоци нема да влијае и да ги ризикува правата и слободите на Корисникот. Во случаите во кои претходно наведениот рок ќе се пробие, контролорот ќе достави известување до Агенцијата за заштита на лични податоци со објаснување за доцнењето.

Во случаите кога нарушувањето на безбедноста на личните податоци може да резултира со зголемен ризик врз правата и слободите на субјектот на личните

податоци, Контролорот ќе го извести за таквото нарушување без одлагање. Таквото известување ќе се срочи на читлив и разбирлив начин и ќе се објасни природата на нарушувањето на безбедноста на личните податоци  и ќе се состои од:

- Името и деталите за контакт на Офицерот за заштита на лични податоци или други контакти од кои можат да се добијат повеќе информации;
- Можните последици од нарушувањето на безбедноста на личните податоци;
- Мерките кои се преземени или кои се предложени да се преземат од страна на контролорот за да се одговори на нарушувањето на безбедноста на личните податоци и онаму каде што е можно, мерките кои ќе ги намалат последиците од таквото нарушување.

## § Право на пристап

Корисниците имаат право да прибават потврда од контролорот за тоа дали нивните лични податоци се процесираат, целите на процесирањето, категориите на личните податоци кои се процесираат, примателите или категориите на приматели на кои личните податоци им се или ќе им бидат обелоденети, одредениот период во кој личните податоци ќе се складираат или ако тоа не е можно критериумите кои се користат за да се одреди тој период, постоењето на правото на поправање и дополнување и бришење на личните податоци, правото да се испрати поплака до надлежното надзорно тело, изворот на податоците ако таквите податоци не се прибрани од страна на корисникот и постоењето на автоматизиран систем на одлучување, вклучувајќи го и профилирањето.

Корисниците исто така ќе добијат копија од нивните лични податоци, без надомест, во електронски формат, доколку истото го побараат.

## § Право да се биде заборавен

Корисникот го има правото да биде заборавен и да побара од контролорот да ги избрише личните податоци кои се однесуваат на корисникот без одлагање. Контролорот е должен да ги избрише личните податоци на корисникот, односно субјектот на личните податоци доколку е исполнет еден од следните услови:

- Личните податоци повеќе не се потребни за целта заради која биле прибрани или процесирани;

- Субјектот на личните информации ја повлекол согласноста врз која се базира процесирањето;
- Личните податоци мораат да се избришат заради почитување на позитивните законски прописи или одлука на надлежно тело.

# § Пренос на податоци

Корисникот го има правото да ги добие личните податоци кои се однесуваат на него и кои тој ги приложил на контролорот преку апликацијата, на структуиран, компјутерски читлив и обично користен формат / начин. Корисникот го има правото да ги пренесува тие информации до други контролори без потешкотии.

# § Приватност преку дизајн

Контролорот имплементира технички и организациски мерки за да се осигура дека само личните податоци кои се потребни и нужни за одредена цел на процесирање ќе бидат предмет на процесирање.

Контролорот ги процесира и задржува само оние лични податоци кои се апсолутно нужни за успешно работење на апликацијата.

Контролорот ги има имплементирано принципите на заштита на лични податоци како што се на пример дата минимизацијата и ги има интегрирано потребните заштити во обработката со цел да ги исполни условите на меродавното право и на Законот за заштита на личните податоци, со цел да се заштитат правата на субјектите на лични податоци.

# § Обелоденување на лични податоци

Контролорот нема да ги обелоденува личните податоци на субјектот на личните податоци на трети лица.

Со исклучок на претходниот став, контролорот ќе ги обелодени и сподели личните податоци на субјектот на личните податоци онаму каде што е задолжително согласно позитивните законски прописи на властите и надлежни тела.

# § Безбедност

Личните податоци и другите информации кои ги дава корисникот на преку апликацијата се енкриптирани со безбедна технологија *(„SSL“)* и се складираат со индустриско-стандарна енкрипција.

Корисникот признава дека не постои метод на пренос на личните податоци и другите информации преку интернетот или електронско складирање кое е 100% безбедно.

Контролорот ќе се стреми да се придржува кон индустриските стандарди на енкрипција, електронско складирање и пренос преку интернетот. Контролорот, по потреба, ќе ја зголемува безбедноста на личните податоци на корисникот.

## § Колачиња

Апликацијата користи, React Native Firebase Analytics кој служи за следење на користеност на апликацијата и прибира податоци кои анализираат движења низ апликацијата и останати статистики. Преку овие колачиња не може да се идентификува корисниот и неговите лични податоци.

## § Промени на Политиката

Контролорот го задржува правото да го измени, ревидира или вметне целосно нова Политика за приватност на своја дискреција во кое било време. Корисниците ќе бидат известени за промените на оваа Политика на самата апликација.

Било какви промени, ќе бидат вршени строго во согласност со Законот за заштита на лични податоци.

## § Детали за контакт и офицер за заштита на лични податоци

**Офицер за заштита на лични податоци – Калина Трајаноска**
**Е-маил за контакт - kalina@konceptiva.com**